УДК. 398.3(=163.3)

Лидија КОВАЧЕВА

# ВЕРУВАЊЕ ВО ЖИВОТИНСКИОТ ГОВОР КАКО ПРЕДЗНАК НА СМРТТА КАЈ СТАРИТЕ ГРЦИ И ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА ТРАДИЦИЈА

Во религиите на сите народи, како и во разни манифестации на човечкиот дух, голема улога одиграле одреден вид животни, благодарение на некои свои специфични карактеристики. Тоа се трагите од тотемизмот. Низ таа фаза од историјата на религијата поминал секој народ и тие траги се препознаваат и денес скоро во секоја народна традиција. Во согласност со овие верувања во македонската народна традиција, во народните верувања и постапки се развил еден систем на “препознавање” или “насетување” дека нешто лошо може да се случи во семејството. Таквото препознавање македонскиот народ го гледал преку однесувањето на животните и птиците. Верувањето во животинскиот говор како предзнак на смртта во старогрчката народна традиција сосем малку е развиено. Во однос на животните и птиците повеќе би можело да се говори од аспект на епифанија отколку од аспект на “препознавање” или “насетување” на нешто лошо.

### *Говорот на животните*

**а. Пес:** Скоро не постои ниедна митологија каде што песот не е поврзан со смртта, пеколот, подземниот свет и невидливите царства со кои владеат хтонски или лунарни божества. Песот е чест посетител на подземните светови, но уште почесто е и нивни чувар.[1] Општо е позната претставата на Кербер *(сл.1)* во старогрчката митологија, триглав црн пес што го чува влезот во подземниот свет. Тој е поврзан со смртта, со подземниот свет и има уло-



Сл. 1. Кербер
Fig. 1. Cerberus

га на психопомп. Во однос на песот слободно може да се говори за епифанија; тој често им го позајмува својот лик на неговите господари, на пр. Хеката, божицата на темнината често се преобразувала во пес или во кобила и така преобразена демнела на крстопат со пеколната глутница. Но никогаш во старогрчката народна традиција не може да се говори од аспект на “препознавање” или “насетување” дека нешто лошо може да се случи според однесувањето на песот. За разлика од старогрчките толкувања, на македонската почва се многубројни верувањата дека виењето на домашниот пес е вид на претчуствство дека нешто лошо ќе им се случи на домаќините и дека песот преку виењето им го пренесува претчуството за лошо и со тоа ги опоменува. Без разлика дали песот ќе се протера или ќе се отепа, лошото што следува нема да може да се измени.[2]
Ваквото размислување на македонскиот народ околу лошото претскажување на песот со ви-

[1] Шевалие, Ж., Гербран, А. (2005) 560-566.

[2] Ристевски, Љ. (1999) 45.



Сл. 2. Медуза-Горгона-Кирка
Fig. 2. Medusa- Gorgon-Chyrka

ење, се разликува од старогрчката претстава на првата митска функција на песот во улога на психопомп, односно водич на човекот низ темнината на смртта, откако претходно му бил придружник низ светлината на животот.

**б. Свиња**: Свињата насекаде симболизира алчност, егоизам и ненаситност. Во старогрчката народна традиција е претставена кај Хомер, каде што Кирка *(сл.2)* сите оние луѓе што и додевале ги претворала во свињи. Во старогрчките митови слободно може да се говори за епифанија, претворање на човек и бог во животно или птица, во случајов свиња, но не може да се говори за "препознавање" или "насетување" на нешто лошо според однесувањето на свињата. За разлика од старогрчката народна традиција, во македонската народна традиција постои "препознавање" или "насетување" на нешто лошо според однесувањето на свињата. На пр. кога свињата рие под прагот, значи дека куќата наскоро ќе има гроб и ги претскажува лошите настани што ќе се случат во куќата.[3] Верувањата поврзани со однесувањето на свињата во македонската народна традиција влечат корени од паганството и се однесуваат на верувањата за погребувањето на покојниците во куќата, под куќниот праг или под домашното огниште.
Постои многу голема разлика во претставата на свиња меѓу старогрчката и македонската народна традиција. Кај старите Грци во однос на претставата на свиња единствено може да се говори за епифанија, додека "препознавање" или "насетување" на нешто лошо според однесувањето на свињата е очигледно и во денешно време во некои рурални средини на македонската почва.

**в. Коњ:** Според верувањата на старите народи коњот е носител на смртта и на животот. Во старогрчката народна традиција коњот е претставен како психопомп. Старите Грци го жртвувале коњот на починатиот, со цел неговата душа да ја води душата на покојникот во подземниот свет. Месото од жртвуваниот коњ го делеле на кучињата и на птиците, кои исто така биле психопомпи и постојани посетители на двата трансцендентни света, горниот и долниот. На пр. во *Илијада*, Ахил жртвувал четири кобили на својот мил другар Патрокло, верувајќи дека тие ќе го одведат Патрокло во Адот. Кога се говори за коњот во старогрчката народна традиција, може да се говори за психопомп, епифанија, за екстатичните ритуали на Дионис каде што улогите на коњот и коњаникот биле заменети. Во старогрчката народ-



Сл. 3. Кентаур
Fig. 3. Centaurus

[3] Чајкановиќ, В. (1924) 129.



Сл. 4. Пегаз
Fig. 4. Pegasus

на традиција се верувало дека луѓето посветени во мистериите биле јавани од боговите. Дионис бил опкружен со многу хипоморфни ликови кои биле производи на античката митологија, на пр. кентаури: луѓе-коњи *(сл.3)* и сатири, кои првобитно биле претставени како диви и развратни божества на шумите, со тап, извиен нос и со зашилени коњски уши, коњска опашка и нозе. Од IV в.п.н.е., сатирите наместо коњски, добиле нови козји уши, опашка и нозе, преку кои одлики нивната претстава се изедначува со претставата на ѓаволот од христијанската традиција.[4] Очигледана е и врската на коњот со Сонцето *(сл.4)* и неговата улога на посредник меѓу двата света.[5] Со негативно валоризирање на хтонскиот симбол, коњот станува олицетворение на смртта, аналогно на сејачот на смртта во нашите преданија. "Коњи на смртта" или "коњи што претскажуваат смрт", може да сретнеме во Антиката. На пр. Деметра честопати е прикажана со коњска глава и се идентификувала со една од еринииите, страшните извршителки на подземната правда. Повеќето "коњи на смртта" се претставени со црна боја и ги прогонуваат долго изгубените патници кои, исто така, најчесто се црни. Таков е црниот коњ Карос, Богот на смртта кај денешните Грци. Но постојат и безбојни, бледи коњи на смртта. Оваа белина е блиска со вообичаеното сфаќање за црното: *мртовечко белило*, т.е. белината на жалоста.[6] Во претставата на коњ кај старите Грци не постои никакво "препознавање" или "насетување" на нешто лошо. Во македонската народна традиција коњот не се врзува за животните што можат да ја претчуствуваат смртта и несреќата на стопанот, но сепак може да ја предвиди евентуланата опасност и да најде начин да го предупреди стопанот. Кога неговиот стопан умира, тој плаче по него и го следи на "оној свет". Во македонската народна традиција не постојат "коњи на смртта" и коњот не е претставен во улога на психопомп. Коњот зема почесно место во календарскиотобреден систем кај јужнословенските народи, каде што претставува возвишена верзија на магарето. Коњот се слави заедно со магарето на *Тодоровден*, знаен уште и како *Тодорица* или *Коњски Велигден*, кој се празнува само во сабота, околу четириесет (40) дена пред Велигден, во месец март.

За разлика од верувањата во старогрчката народна традиција, каде што коњот е носител на смртта и на животот и е претставен како психопомп, во македонската народна традиција, но и во традицијата на словенските народи, коњот е симбол на работливост, брзина, сила и е верно животно на човекот.

**г. Змија**: Мртвата змија прикажана на иконографијата како соодветен и секаде присутен мотив, е карактеристична за вазите од бронзеновременскиот змијски култ од времето на минојско-микенската цивилизација. Во куќните светилишта во централната палата на Крит се пронајдени статуети на "божицата на змиите", кои се појавуваат како "чувари на куќите" во семејниот култ.[7] Подоцна змиите во античката митологија го симболизираат светот на мртвите, *(сл.5)* херите или надземните богови. Таинствени во формата и во однесувањето, се појавувале без предупредување, најверојатно за да ја излижат либацијата што останала на земјата за време на погребните ритуали, па потоа брзо исчезнувале како што и доаѓале. Ваквото однесување на змиите ги поттикнале старите Грци на размислување дека покојникот можеби се појавувал во форма на змија, што всушност претставува поттик за оформување на култот на мртвите.[8] Во повеќето старогрчки митови ролјата на змијата се поврзува со прорекувањето. Змиите при принесување на ја-

[4] Софрониевски, В. (1999) 129.
[5] Вражиновски, Т. (2006а) 99-100.
[6] Шевалие, Ж., Гербран, А. (2005) 487-497.
[7] Илиевски, Х. П. (2000) 208-220.
[8] Burkert, W., (1979) 195.



Сл. 5. Змија, коњ, куче и дива свиња
Fig. 5. Snake, horse, dog and boar

зиците кон сетилните органи на луѓето или боговите ги прочистувале *(katharsis)* и на тој начин сите оние кои вака стапиле во контакт со змиите стекнале дарба за прорекување. На пр. Касандра имала прочистување од страна на змијата и таа паѓајќи во делириум прорекувала, потоа Меламп, кој бил видовит човек и лекар, змиите му ги прочистиле ушите така што почнал да го разбира јазикот на птиците. Во античката митологија змиското знаење ја протега својата моќ на царството на сенките и на царството на светлината, помирувајќи ги душата и духот. Во старогрчката народна традиција змијата се поврзува со прорекувањето, но никако не се поврзува со "препознавање" или "насетување" на нешто лошо според нејзиното појавување или однесување.[9] Во македонската народна традиција за змијата се врзува уште едно верување со веќе изумрената практика на погребување на домашните под куќниот праг и куќното огниште. Таа обично живее под прагот или под огништето, а во куќата влегува преку оџакот. Змијата била почитувана како покровител или заштитник на семејството. Толкувањето за змијата како чувар на куќата во македонската народна традиција се совпаѓа со толкувањата за змијата во минојско-микенската цивилизација. Но со појавата на христијанството, се напушта позитивниот, а се задржува негативниот и зол аспект на змијата. Тогаш се јавува мислењето дека смртта на змијата претставува предзнак за смрт на некој од семејството.[10] Постоело суеверие за отепување на куќната змија, се верувало дека доколку некој убие змија, тој или некој член од семејството ќе умре или ќе се разболи и дека со убивањето на змијата се убива и среќата на куќата. Како што вели Марко Цепенков: *куќниӣе змии не се ӣеӣааӣ.* Во Мариовскиот крај се верувало дека ако некој некогаш ја видел куќната змија, тоа претставувало лош знак и дека здогледувањето на змијата било претскажување дека нешто лошо ќе им се случи на домаќините или на нивниот добиток.[11]

Змијата како симбол ја има скоро во сите култури. Во старогрчката народна традиција, како и за време на паганството на Балканските простори, таа ја имала позитивната улогата на "чувар на домот". Подоцна, со појавата на христијанството, се појавува и негативниот аспект на змијата во однос на "препознавање" или "насетување" на нешто лошо според нејзиното однесување. Денес во некои рурални делови на Македонија сѐ уште постои фаталистичко верување во животинскиот говор на змијата како предзнак на смртта. Ваквото верување во ниеден период не е забележано на територијата на Грција.

### *Говороӣ на ӣӣициӣе*

**а. Орел:** Скоро во сите култури орелот се смета за крал на птиците. Во античката митологија орелот е атрибут на богот Зевс, а во христијанството на Христос. Во народната традиција кај старите Грци, орелот е претставен како претскажувач или гаталец. Кај Хо-

[9] Шевалие, Ж., Гербран, А. (2005) 353-366.
[10] Вражиновски, Т. (2006а) 104.
[11] Ристески, С. Љ. (1999) 49.

мер претскажувањето се извршувало според насоката на летот на орелот. Доколку орелот летал надесно, ќе се случело нешто добро, доколку летал налево, се претскажувало дека ќе се случи нешто лошо. Таков е примерот во *Илијада*, кога Пријам пред да оди кај Ахил да го побара мртвото тело на својот син Хектор, му принел жртва на Ѕевс барајќи од него некаков знак и кога видел дека орелот пролетал надесно над градот, знаел дека ќе успее во својата намера.[12] И во македонската народна традиција орелот зазема важно место. Душите на многу владетели и воини се појавувале во облик на орел. Тој е единствена птица што може да се вивне до облаците во "горниот свет" и да слезе долу во "долниот свет", под земјата. Во македонските народни песни за Крал Марко се јавува мотивот на орлица, која се грижи за болните луѓе. Таа е претставена како птица предвесник на смртта и оттаму е поговорката "на која страна кружат орли, таму има мрши". Не е случаен ни изборот на замена меѓу орелот и гавранот во некои македонски народни песни. Според македонските народни преданија, гавранот е злокобна птица. Всушност, според преданијата душата на јунакот се јавува како птица која кружи околу него на небото, додека јунакот лежи долу на земјата.[13]
Во верувањата кај старите Грци, како и во македонската народна традиција, слободно може да се говори за "препознавање" или "насетување" на нешто лошо според насоката на летот на орелот. Единствено претставата на орел соодејствува во обете традиции. Орелот и во старогрчката и во македонската народна традиција ја има улогата на претскажувач или пак на гаталец.

**б. Петел:** Петелот по потекло е од Индија, од Малајските Острови од 3.000 г.п.н.е., од каде почнал да се шири кон исток и кон запад. На почвата на стара Грција се појавува во XV в.п.н.е., како што може да се забележи од спомениците на минојско-микенската култура. Функцијата на петелот во старогрчката народна традиција многу тешко може да се објасни. Исто така, проблем претставува и етимолошкото толкување на зборот петел:`αλέκτωρ, `αλέκτρυωυ (alector, alectrion), кој се споредува со`αλεξω (alexo) - се брани, се штити, или со elektor-сјај, светлост, кој повторно се доведува во врска со alego - се вознемирува, се жалости. Повеќето толкувања во старогрчкиот јазик јасно укажуваат дека нема сигурност во етимолошкото објаснување на зборот петел. Петелот на почвата на стара Грција имал хтонски и апотропејски карактер. Исто така поседувал и хтонско-сепулкрално значење, за што сведочат амфорите со атички ориентален стил, на чиј врат е претставен петел, кои служеле како надгробни споменици. Во старогрчката народна традиција човечката душа се замислувала во облик на здив, ветер, т.е. (ψυχή-psyche) во облик на пеперутка или птица. Според некои автори[14] нема ништо необично петелот да се смета за птица на душата. На вазите бил претставен на местото на главата, бидејќи главата е седиште на душата, а самата ваза го имитирала човечкото тело со неговите делови: врат, рамена, мев и нозе. Петелот заедно со кучето и коњот во улога на психопомп ја следат душата до подземниот свет, се борат против силите на темнината и во погребните ритуали им биле посветени на мртвите.[15] Според старогрчката народна традиција, на душата на покојникот му била потребна крв и затоа на покојникот му принесувале жртвувани животни на гробот. На пр. кај старите Грци петелот се колел во самата куќа додека покојникот сé уште бил во куќата и не бил изнесен од неа, постоело и жртвување на петелот на самиот гроб, така што крвта од закланото животно течела директно во земјата, додека пак кај Србите, петелот се колел како жртва во моментот кога покојникот се изнесувал надвор од куќата. Во македонската народна традиција постоел обичај, доколку имало два смртни случаја во едно домаќинство едно по друго во краток временски период, се колел петел со црна боја како жртва, се ставал во гробот заедно со последниот покојник, со цел да не оди уште некој од домашните на оној свет, пред сé, како замена за трет покојник.[16] Петелот, исто така, се поврзува со веќе изумрената практика за погребување на домашните под куќниот праг и домашното огниште. Петелот е претставен и како соларен симбол, тој со неговото кукуригање ги прогонува силите на темнината и го најавува изгревањето на Сонцето. Кукуригањето на петелот на прагот од куќата означува доаѓање на посетител. Бидејќи под

[12] *Илијада,* XXIV, 402-423.
[13] Иванова, Р. (1992) 33-37.

[14] Милошевић, А., Цермановић, А. (1954) 107.
[15] Шевалие, Ж., Гербран, А. (2005) 768-770.
[16] Милошевић, А., Цермановић, А. (1954) 106-113.

прагот од куќата биле погребувани предците, петелот преку кукуригање го најавувал нивното доаѓање.
Во старогрчката народна традиција петелот одиграл голема улога во областа на митологијата, религијата и култот, а имал посебно хтонско-сепулкрално значење. Бил едно од најчесто жртвуваните животни во погребните ритуали, со што во целост се совпаѓа со македонската народна традиција, за жртвување петел доколку во едно домаќинство умрат двајца еден по друг. Ваквото жртвување петел се должи на верувањето дека доколку од едно домаќинство починат двајца членови, најчесто во период од една година ќе почине и трет член. Овој обичај е практикуван многу одамна, потоа од паганството е пренесен во христијанството, а останки постојат и денес, само видоизменети. Денес, во недостиг на петел, постои практика на закопување кукла во гробот заедно со последниот покојник, како замена за трет покојник, обичај што се практикува денес на почвата на Грција и на Македонија. Петелот ја нема улогата на “препознавање” или “насетување” на нешто лошо според неговото однесување, пред сé тој во старогрчката и во македонската народна традиција ја игра улогата на трет покојник, со цел да се спречи смртта на некој следен член од семејството.

**в. Кокошка:** Во старогрчката народна традиција, кокошката се појавува заедно со кучето во многу ритуали со орфички карактер. Старите Грци оваа птица ја сметале за психопомп, таа ги мамела душите на покојниците, ги земала со себе и ги носела во подземниот свет. Во македонските народни верувања како предзнак на смртта се смета пропевањето на кокошка. Се верува дека штом ќе пропее кокошка во нечиј дом, тогаш се очекува умирачка на некој од домашните. Но во Мариовско постоел обичај за проверување на претскажувањето. Домаќините ги кубеле пердувите од главата на кокошката и ги “пуштале по вода”, потоа чекале да видат каква боја пердуви ќе и никнат. Доколку и никнат црни пердуви, она што го кобела кокошката ќе се оствари, доколку и никнат бели пердуви нема да се случи ништо лошо или пак лошото ќе се збие на кокошката. На македонската почва постоеле и други обичаи врзани со пропевањето на кокошката како предзнак на смрт. На некои места кокошката што пропеала ја мерат на кантар, доколку тежината и се зголемувала било на арно, доколку слабеела тогаш нешто лошо ќе им се случело на домаќините.[17]
Освен улогата на психопомп, во старогрчката народна традиција кокошката не одиграла улога за “препознавање” или “насетување” на нешто лошо. Во македонската народна традиција, пак, “препознавањето” или “насетувањето” на нешто лошо според пропевањето на кокошката како верување, постоело порано, а постои и денес во руралните области на македонската почва. Низ цела Африка е распространет обичајот на жртвување кокошка со цел воспоставување комуникација со умрените, наречен *вуду*.[18]

**г. Утка:** Во античката митологија утката била симбол на Атена-Минерва. Таа е ноќна птица, поврзана е со Месечината и не може да ја поднесе сончевата светлина, па како таква му претставува опозит на орелот кој таа светлина ја прима со отворени очи. Во нејзиниот однос со Атена-Минерва може да се забележи симбол на *рационално сознание*-перцепција на месечевата светлина преку рефлексија, кое е наспроти *интуитивото сознание,* како непосредна перцепција на сончевата светлина. Утката е птица на Атена и го симболизира одразот што доминира со темнината. Традиционално, утката кај старите Грци се смета за атрибут на гаталците и ја симболизира нивната дарба за јасновидност.[19] Во македонската народна традиција “препознавањето” или “насетувањето” на нешто лошо се поврзува со уткањето на утката, кое се смета за лош предзнак. Доколку се случи утката да застане на покривот од куќата или да долета во селото, се верува дека нејзиното присуство не претскажува само смрт за некои од домашните, туку носи пропаст на целата куќа или на целото село.[20]
Кај старите Грци утката е симбол на тагата, на темнината, осамена е, повлечена и меланхонична бидејќи не се изложува на дневна светлина. Иако таа е атрибут за гаталците во старогрчката народна традиција, сепак ја нема улогата на “препознавање” или “насетување” на нешто лошо спред нејзиното уткање. Ваквото верување сé уште постои во македонската народна традиција и поради тоа таа се смета за една од најнеомилените птици меѓу

[17] Ристески, С. Љ. (1999) 46-47.
[18] Шевалие, Ж., Гербран, А. (2005) 478-479.
[19] Ibid, 1058-1059.
[20] Ристески, С. Љ. (1999) 49-50.



Сл. 6. Аполон
Fig. 6. Apollo

народот. На пр. жителите во Мариово сметаат дека една од причините за запуштањето на мариовските села во кои живеат само стари лица е уткањето на овие птици.[21]

**д. Кукавица:**. Во однос на кукавицата во античката народна традиција слободно може да се говори за епифанија. Имено, Ѕевс преправен во ликот на кукавица полетал и се припил кон градите на Хера и со тоа ја завел. Врз основа на оваа легенда, кукавицата се сретнува како атрибут на Хера.[22] Наспроти старогрчките толкувања, во македонските народни верувања кукавицата не е омилена птица. Своето име го добила поради својот глас. На македонската почва е наречена уште и *црна кукавица*. Поради жалното кукање на кукавицата кај нашиот народ постои мислење дека тоа е кобно, самото кукање е поврзано со солзи и поради тоа е познат изразот *кукавички солзи*. Доколку некој член од семејството го слушне кукањето на кукавицата наутро, тоа значи дека нивната куќа ќе биде среќна, доколку пак кукањето го слушне навечер, ќе се случи некоја несреќа.[23] Во Мариовскиот крај луѓето својата долговечност ја одредувале според бројот на кукањата на кукавицата. Во Дебарскиот крај се верува дека доколку се чуе кукањето на кукавицата наутро, а човекот што ја чул има нешто јадено, ќе се случи нешто убаво, инаку во спротивно ќе се случи нешто лошо.[24] Кукавицата во македонската народна традиција се толкува како кобна птица, која претскажува несреќа или смрт.
Во однос на кукавицата во старогрчката народна традиција единствено може да се говори за епифанија, како што впрочем може да се говори за сите видови животни и птици, освен орелот. Кукавицата во оваа традиција е претставена од позитивен аспект, како птица што ја најавува пролетта, наспроти негативните толкувања во македонската народна традиција. Кај нас оваа птица се смета за кобна птица која со совето пеење "коби" односно "препознава"или "насетува" нешто лошо.

**ѓ. Гавран:** Симболизмот на гавранот меѓу повеќето народи е општо прифатен од негативен аспект. Гавранот во античката митологија му бил посветен на Аполон. *(сл.6)* Според Страбон, гавраните го определуваат местото на *омфалосо̄т* (ст. гр.`ὀμφαλός -папок, пупчен)[25] во Делфи, каде што се одвивала *омфаломант̄ија* (ст. гр.`ὀμφαλός, μαντεία- прорекување или читање на судбината од папокот на новороденo дете),[26]според Пиндар тоа се орлите, а според Плутарх-лебедите. Овие три птици се гласници на боговите и ја извршуваат пророчката функција.[27] Постои разлика во толкувањата на претставата на гавранот помеѓу старогрчката и македонската народна традиција. Гавранот кај старите Грци е претставен во улога на пророк, ги прорекува нештата што требало допрва да се случат, но никогаш не можело да се насети нешто лошо според неговото однесување. За разлика од старогрчката народна традиција, меѓу птиците што "насетуваат" и "претскажуваат" нешто лошо во македонската народна традиција спаѓа и гавранот, кој го носи епитетот кобна птица. Се верува дека гавранот со своето гракање "коби", т.е. претскажува нешто лошо и доколку некој го чуе гавранот како грака наутро, тогаш ќе се случи некоја несреќа за тој што го чул или за неговата фамилија. Додека пак во Малешевијата се верува дека доколку гавранот застане на нечија куќа, некој член

[21] Ibid, 50.
[22] Шевалие, Ж., Гербран, А. (2005) 553.
[23] Вражиновски, Т. (2002a) 135-137.
[24] Ibid, 73-76.
[25] Вујаклија, М. (1975) 643.
[26] Ibid, 643.
[27] Шевалие, Ж., Гербран, А. (2005)190.

од таа куќа ќе умре.[28] Според обичаите и верувањата на многу народи, симболизмот на гавранот е претставен од негативен аспект. Гавранот насоне претставува лош предзнак, страв и несреќа. Романтичарите го претставувале како црна птица што кружи над бојните полиња и се храни со месото од труповите на загинатите војници.[29]

Во современото општество во верувањата кај нас постои многу голема разлика меѓу животинскиот говор и толкувањето на претставите за животни и птици во старогрчката и македонската народна традиција. Во старогрчката народна традиција за животните и птиците може да се говори од аспект на епифанија, претставување на животно или птица во улога на психопомп, потоа одредени животни и птици се претставени како атрибути или гласници на одредени божества, други пак имаат можности за прорекување и т.н. Освен претскажувањето дека нешто добро или лошо може да се случи според насоката на летот на орелот, друго верување во старогрчката народна традиција според однесувањето на животните или птиците не постои. Според ова можеме да заклучиме дека во старогрчката народна традиција не постои верување во животинскиот говор како предзнак на смртта, ниту пак постои "препознавање" или "насетување" на нешто лошо спред однесувањето на животните и птиците. Спротивно, македонската народна традиција изобилува со верувања од овој тип, кои доведуваат до фатализам. Таму каде што се верува дека никој точно не може да го одреди судниот час, бројни се примерите што служат за претскажување на нечија смрт или несреќа според животинскиот говор. Иако во светот сé што ќе се случи настапува ненадејно, во нашата традиција се развиле вештини за читање на кобните знаци според животнискиот говор, со цел да се предупреди народот за случувањата што следуваат. Овие знаци пренесуваат информации од еден во друг свет и своите значења ги добиваат единствено со конотацијата на *свето,* под услов да настапат во одредено време и на определено место. Доколку знаците се јават во вообичаени и секојдневни услови тие апсолутно ништо не значат, ниту пак означуваат нешто за заедницата. Само во услови на *свето*, предвидувањата што се толкуваат низ постапките на животните, птиците или пак на некои појави во домот, добиваат конотација на важна информација што доаѓа од друг свет, пренесена од припадници на "туѓ свет". На пр. во македонските народни верувања утките се поврзани со "оној свет" и со умрените предци, уткаат (пеат) ноќе, во глуво доба, како вид на посредување или комуникација меѓу световите.

Овие верувања денес се идентификуваат со суеверие, но сепак, и денес меѓу нашиот народ постои верувањето дека доколку црна мачка ни го пресече патот-тоа е предзнак на неуспех или на некаква несреќа. И затоа оној кому му е пресечен патот, без размислување се враќа назад и поминува од некој друг пат, или пак чека некој друг човек да помине пред него.[30]

Меѓу бројните верувања се вбројуваат и верувањата дека со раѓањето на секој човек се пали по една ѕвезда на небото, а згаснува со неговата смрт. Се верувало дека претерана радост или шега во куќата, како и претерана кавга нема да биде "на арно", истото важи и доколку крцкаат греди на вратите или прозорците на куќата и т.н.

Ваквите или слични верувања се разбира дека не содржат во себе никаква вистинитост, ниту пак имаат некаква сигурна основа што би се поврзала со случувањата во домаќинствата, со здравјето на децата ниту пак со евентуалната смрт на некој од домашните. Ова се само рудиме́нти, остатоци од суеверијата и верувањата од минатото, кои од паганството се пренесени во христијанството, а постојат и денес .

[28] Вражиновски, Т. ( 2002а) 139.

[29] Шевалие, Ж., Гербран, А. (2005) 189-191.

[30] Bajraktarević, M. (1958) 18.

**Користена литература:**

- **Barjaktarević, M.** (1958) *Religija i praznoverje,* Izdavačko preduzeče "Rad", Beograd.
- **Bratić, T.** (1900) *Ptice u narodnom verovanju,* GZM XII, Sarajevo.
- **Burkert, W.** (1979) *Structure and History of Greek Mythology and Ritual,* London.
- **Vernant, J. P.** (1974) *Mythe et sociétén en Grèce ancienne,* Paris.
- **Вражиновски, Т.** (2002а) *Македонска народна митологија*, Матица Македонска, Скопје.
- **Вражиновски, Т.** (2002б) Македонска народна митологија, *Народна традиција, религија и култура,* Матица Македонска, Скопје.
- **Вражиновски, Т.** (2006а) *Македонска Народна Библија*, Матица Македонска, Скопје.
- **Вујаклија, М.** (1975) *Лексикон старих речи и израза*, Просвета, Београд.
- **Вукановић, Т.** (1972) *Професионално нарицање у балканских народа,* Студије из балканског фолклора IV, ВГ, књ. VI, (ВГ), Врање.
- **Гилевски, П.** (2002) *Грчки митови,* Скопје.
- **Иванова, Р.** (1992*) Епос; Обред; Мит;,* Бугарска Академија на Науки, Институт за фолклор, София.
- **Илевски, Х. П.** (2000) *Животот на микенците,* Скопје.
- **Милошевић, А., Цермановић, А.** (1954) *Петао у хтонском култу код античких Грка и у српском народу*, ГЕМ, књ. 17, Етнографски Музеј, Београд.
- **Митевски, В.** (2001) *Античка епика*, Матица Македонска, Скопје.
- **Пенушлиски, К.** (1968) 10 книги од Македонското народно творештво: *Обредни и митолошки песни,* Македонска книга, Скопје.
- **Петрушевски, М. Д.** (1982) *Илијада,* Препев, предговор, увод и објасненија, Македонска книга, Скопје.
-**Ристески, С. Љ.** (1999) *Посмртниот обреден комплекс во традиционалната култура во Мариово,* Прилеп.
- **Skok, P.** (1972) *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika,* JAZU, Zagreb
- **Софрониевски, В.** (2001) *Латинско-Македонски речник,* Скопје.
-**Софрониевски, В.** (1999) *Ајсоп и Ајсоповите басни во македонските народни приказни,* Матица Македонска, Скопје & Мелбурн.
-**Цепенков, М. К.** (1972) *Македонски народни умотворби во десет книги,* книга 7, *Преданија,* редактирал др. Кирил Пенушлиски, Лепосава Спировска, Македонска книга Скопје.
-**Шевалие, Ж., Гербран, А.** *Речник на симболите*, Митови, соништа, обичаи, гестови, облици, ликови, бои, броеви, Табернакул, Скопје.
-**Чајкановић, В.** (1924), *Српски етнографски зборник, Живот и обичаји народни,*Књига 13, *Студије из религије и фолклора*, Београд.

**Lidija KOVACHEVA**

# THE BELIEF IN ANIMAL SPEECH AS A PREFIGURE AMONG THE ANCIENT GREEKS AND IN MACEDONIAN FOLK TRADITION

## Summary

In all religions, as well as in the various manifestations of the human soul an important role was played by particular animals, as result of their distinct features. These traces originating from totemic phase in the history of the religions is recognized as the stage through which all of the people transitioned, and these traces are recognizable even today in the folk traditions. In accordance to these principles in the Macedonian folk tradition in the folk beliefs and acts a system of "recognizing" or " sensing" was developed, that something bad will occur in the family . The Macedonian people could recognize this by observing the animal and bird behavior. In the Greek folk tradition the belief of animal speech as an omen of death was developed only in a small degree. In relation to the animals and the birds it can be refer to as an epiphany rather than "recognizing" or " sensing" of something bad.

Between the animal speech and the interpretation of animal and bird images in the Ancient Greek and the Macedonian folk tradition there are great differences. In the Ancient Greek folk tradition animals and the birds can be look upon from aspect of epiphany, namely their portrayal in role of physopomp, depictions as insignia of heralds of specific deities, or predicting or etc. Besides forecasting that something good or evil will come according to the direction of the eagles flight, in the Ancient Greek tradition there is no other belief regarding animal and bird behavior. Hence, it can be deduced that in the Ancient Greek folk tradition there is no belief in animal speech, or that there is "recognizing" or "sensing" of evil according to their behavior that foreshadow death. Contrary to this the Macedonian folk tradition is abundant in beliefs of this type, which lead to fatalism. Here it is believed that no one knows when the final hour will come; there are numerous examples that function as foreshadow for somebody's death or accident according to animal speech. Although in the world everything that comes is a sudden act, in our tradition a skill was developed for reading the fatal signs according to animal speech, with the intention to warn people of the coming events. These signs convey information from a different world and the meanings are delivered with a *divine* connotation, as long as they occur at a certain time and place. If these signs appear in ordinary circumstances, they have no meaning what so ever, or to the community as well. Only in divine conditions the predicaments from the animal and bird behavior or appearances in the home have a connotation of important information from a different world, delivered by members from an "alien world". For example in the Macedonian folk belief the owls are linked with the "other world", and the deceased ancestors, and during the silent night hours when they moan this is a communication, an intercession between the worlds.

At present day these beliefs are equivalent of superstition, however among our people there is still a belief that if a black cat crosses your way, is an omen of bad luck, or that something evil will happen Thus the person to whom this happens without thinking will return back, will cross some other lane, or will wait for someone else to cross before him. Among the numerous beliefs is the belief that when a person is born on the sky a star lights up, and stops flickering when he dies. Likewise it was believed that extensive joy or humor in the home or extensive quarrel is not for "good", this also refers to the cracking sounds of the beams, doors or the windows in the house and etc.

These type of beliefs or similar ones have no truth in them, nor do they have sound ground to be linked to what occurs in the household, to the children's health, nor with the eventual death in the family. These are only rudimentary remains of superstition and beliefs from the past, which have transitioned from paganism into Christianity and exist till present day.